# ЛИЧНОСТИ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ВО ДЕЛОТО „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“




## СОДРЖИНАТА НА ДЕЛОТО „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“ ОД СЛАВЕ КАТИН

По повеќегодишна макотрпна работа излезе од печат обемното дело „Македонски иселенички меридијани“. Таа е книга, која е дел од судбините и вистините на Македонци во светот. Таа е еден вид именик, или биографски колаж со карактеристични податоци поместени со низа бројки и факти од животот и делата на околу 150 личности од македонско потекло, кои свиле нови гнегда на различни страни во светот.

Рецензенти на ова обемно дело се: Архиепископот охридски и македонски г.г. Стефан, поглавар на Македонската православна црква - Охридска архиепископија и професор д-р Вера Стојчевска-Антиќ. Делото кое е печатено на луксузна хартија, со фотографии на личностите и голем број дриги прилози и фотографии на 592 страници Б-5 формат е издание на книгоиздателството „Македонска искра“ од Скопје и излезе од печат на крајот на април оваа година.



MACEDONIA
SOFIYA
Priština
Surdulica
Peć
Đakovica
Lipljan
Vranje
Karlovo
Kazanlik
Stara-Zagora
Samokov
Dupnitsa
Kyustendil
Pazardzhik
Plovdiv
Stanimaka
Khaskovo
Skoplje
Kumanovo
Kočane
Veles
Štip
Strumica
Debar
Kruševo
Ohrid
Bitolj
Prespa
Pogradec
Korçë
Nevrokop
Kato Neurokopi
Sidcrokastron
Drama
Xanthē
Petrousa
Pabrav
Kilkis
Nigrita
Serrai
Kavalla
Dojran
Devdelija
Goumenitsa
Genitsa
Lankada
L. Volvē
Stavros
Thasos
Skala
Phlorina
Vanitsa
Kastoria
Edessa
Ptolemais
Verroia
Kozanē
Katerina
Thessaloniki
Khalkidike Pen.
Polygyros
Samothrakē
(Samothrace)
Hagion Oros
(Mt. Athos)
(Autonomous)
Mt. Athos
Lemnos
Kastron
Kassandra
Mt. Olympus
Litokhoron
Konitsa
Ioannina
Metsovon
Kalampaka
Tyrnavos
Trikhala
Larisa
Mt. Ossa
L. Karla
Zagora
Volos
Mt. Pelion
Thessaly
Karditsa
Pharsala
Sophades
Halmyros
Domokos
G. of Volos
Arta
PINDUS MTS.
A E G E A
Hag. Evstratios
Gioura
N. Pelagonēsi
Northern
Halonnesos
Skopelos
Skiathos
Sporades
Skyros
G. of Amvrakia
Lamia
Stylis
Karpenesion
THERMOPYLAE
Limnē
Atalantē Chan.
Amphilokhia
Mt. Khiona
Amphikleia
Agrinion
Martinon
Mt. Parnasos
Evvoia
(Euboea)
Kymē
Khalkis
Navpaktos
Delphi
Levadeia
Mesolongion
Ithakē
G. of Patras
Patras
G. of Corinth
Thebai
Krekouki
Akharnai
Marathon
Argostolion
Kato Akhaia
Kalavryta
Megara
Korinthos
(Corinth)
ATHENAI
(Athens)
C. Kapherevs
S E
Andros
Peiraievs
(Piraeus)
Aegina
Keratea
Lavrion
Saronic Gulf
Amalias
Peloponnesus
Pyrgos
Argos
Nauplion
Tripolis
Megalopolis
Kranidion
Keos
Gyaros
Hermoupolis
Gulf of Kyparissia
Kyparissia
Hydra
Spetsai
Kythnos
Syros
Seriphos
Paros
Antiparos
Leonidion
Sparte
Kalamai
Philiatra
Gargalianoi
Ligoudista
Pylos
Siphnos
Kimolos
Molaoi
G. of Gytheion
Monemvasia
Sapientsa
Skhiza
Antimelos
Melos
Sikinos

Книгата „Македонски иселенички меридијани“ е плод на повеќегодишни истражувања, патувања и континуирано следење на оваа доста суптилна, многузначна и актуелна повеќедецениска и интерконтинентална тема. Делото е еден вид алманах посветен на дел Македонци, чии корени се од сите делови на македонската земја, а кои го обележале своето време во христијанството како религија на Македонците во Австралија, Канада, САД, Европа, етничка Македонија и во печалбарска Преспа.

Во делото се застапени имињата на дел од голем број живи личности, активни творци, најголем дел од нив родени во Македонија или, пак, дошле да живеат во неа и го посветиле својот труд, талент и љубов, како и личности кои денес не се меѓу живите.

Со прелистување на страниците на ова дело читателот, макар површно ќе се запознае со нив и нивните дела, со придонесот што го имаат во македонското иселеништво, а особено нивниот придонес што го имаат за Македонската православна црква, Охридската архиепископија, како и на други аспекти врзани со македонскиот народ и на етничка Македонија.

Отсекогаш на енциклопедиските изданија во светот, или поточно речено, во развиениот свет со долги културни традиции, им се посветувало должно внимание. Нивното значење било и е повеќекратно, бидејќи тоа, меѓу другото се изданија кои на читателот му даваат кратка употреблива информација по обемот и разнородноста на информациите што ги содржат, ја развиваат свеста на еден народ за него и влијаат за консолидација на постигнувањата и развојот.

Република Македонија и македонскиот народ за својот државен и територијален интегритет и за својата државна и национална самобитност, имаат потреба од оставнините, од вредностите, од тој трезор на незаборавот на времето, да се извлечат и да се афирмираат, или да се потсетиме на голем број патините на времето и од опасноста на заборавот да се извлечат голем број знајни и незнајни личности од дијаспората, кои со својот живот, работа и дело, оставиле белег во нејзината историја, во историјата на трудољубивиот и надарен македонски народ и етничка Македонија.

Во книгата се објавени имињата на над 150 познати и признати иселеници, со различни образованија и занимања, општественици и духовници вградени во изградбата на Македонската православна црква од нејзиното конституирање до денес, како и дваесеттина текстови за иселеништвото и МПЦ-ОА. Застапени се академици, научници, писатели, новинари, пиблицисти, донатори, хуманисти, патриоти, носталгичари и вљубеници во Македонија.

Нивниот број би можел да биде многу поголем. Тоа во случајот не е толку битно, туку битно е што овој импозантен број имиња, значајни за нашата национална, духовна, културна, стопанска и научна дејност, го прикажува македонското иселеништвото во минатото и сегашноста.

Бројноста на имињата на луѓето објавени на страниците на ова дело покажува дека тие себеси се вградија во темелите во историјата на македонското иселеништво и на Македонската православна црква, Охридска архиепископија, на нивните црковно-духовни и национални центри, како што се црковните општини, манастири, фолклорни, литературни, научни и друг вид друштва и асицијации.

Делото е поделено на осум поглавја и тоа на: делови во кои се опфатени личности кои се дел од вистината за христијанството во Македонија, потоа на личности кои се дел од македонската вистина во дијаспората - во Австралија, Канада, САД, Европа, етничка Македонија, печалбарска Преспа и Додаток.

Или поконкретно, во првиот дел се дадени текстови за 13 личности кои се дел од вистината за ширење на христијанството во Македонија и во дијаспората, за

христијанството како религија на Македонците насекаде во светот, за апостол Павле кој го раширил христијанството преку Македонија во Европа, меѓу кои за: солунските браќа светите Кирил и Методиј и нивното дело, за свети Климент и свети Наум Охридски, за Македонската православна црква, Охридска архиепископија.



*Грбот на МПЦ-ОА*

Исто така, во овој дел се дадени текстови за архимандритот хаџи Павел Граматиков, за Метеорите, за света Мајка Тереза и нејзиното дело од Македонија до Индија, архиепископите Доситеј, Михаил и Стефан, за митрополитите Кирил и Методиј, за 40-годишниот јубилеј на Американско-канадско-македонската епархија, за свештениците Кирил Стојановски, Атанас Попов и Илија Донев, за судбината и делото на архимандритот Никодин Царкњас и за авторовите дела поврзани со религијата.

Во вториот дел, пак, се говори за Македонците на петтиот континент од кои се застапени 21 личност. Инаку, македонските доселеници во Австралија со гордост ја истакнуваат својата национална и културна македонска припадност. Тие со голем ентузијазам и полет ги негуваат своите народни традиции; го презентираат својот богат фолклор, потоа на јавни места ги пеат своите народни песни и ги играат убавите македонски ора. Всушност, Македонците во Австралија го афирмираат

македонското име, културно-историското минато и сегашноста на етничка Македонија, а во исто време се дел на американското општество.

Во третиот дел е дадена вистината за Македонците во демократска и мултикултурна Канада и за „Обединети Македонци“, првата македонска организација. Во делот за личностите се презентирани пригодни текстови за 32 личности од етничка Македонија.

Посебен простор во овој дел е даден на личностите кои се вградиле во историскиот развој на првата македонска православна црква во Канада, соборниот храм „Свети Климент Охридски“.

Четвртиот дел е посветен на текстови за судбината на Македонците во Соединетите Амеркански Држави и нивните активности пред Втората светска војна. Во овој дел се застапени дваесеттина личности и други текстови.

Во петтиот дел се поместени материјали за Македонците на времено (постојано) вработувањето во европските земји и за делот од активностите на македонската политичка емиграција. Потоа се дадени текстови за: 15 познати и признати личноси од Европа.







Во шестиот дел се презентирани 31 автор на различни дела, бизнисмени, новинари, публицисти, доктори на науки, акадамици и други, кои, покрај тоа што даваат или дале голем придонес на сите полиња на општественото, културното, црковното и друго живеење, тие имаат тесна врска со македонското иселеништво насекаде по светот. Исто така, во овој дел е даден одреден број личности од сите делови на Македонија.

Во седмиот дел се даде текстови за: Печалбарска Преспа и дел од нејзините значајни личности, Преспа како престолнина на цар Самоил, за Манастирот „Свети

Ѓорѓи“ во Курбиново и други споменици на културата, како и 18 познати личности чии корени се од преспанскиот крај. Меѓу нив има академици, амбасадори, писатели, новинари, и со други занимања кои оставиле длабоки траги во севкупното живеење во Преспа и пошироко во Македонија и светот.

Во Додатокот, пак, е даден се дадени текстови за иселувањето и иселеничката судбина на Македонците од етничка Македонија, текст на англиски јазик за судбината и вистината за Македонсците во светотот, како и заклучоци на германски, француски, руски и српски јазик, со цел да се запознаат и другите читатели со содржината на делото „Македонски иселенички меридијани“.



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**

*Source: www.pollitecon.com*
*Copyright 2021*